ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Бр. 12-323/7**

**Скопје, 12.04. 2010 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансискиот извештај на Сметката за наменски дотации (937) на Општина Кавадарци за 2008 година, кој е прикажан на страна 3.

2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Сметката за наменски дотации (937) на општина Кавадарци, за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансискиот извештај од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Панчо Минов, Градоначалник на Општина Кавадарци во 2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 и 2, и да дадат мислење за финансискиот извештај од точка 1, засновано на извршената ревизија

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена од 28.01 до 29.01.2010, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансискиот извештај од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансискиот извештај вистинито и објективно ја искажува финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансискиот извештај кој е предмет на овој извештај е заснован на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансискиот извештај е ослободен од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансискиот извештај и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење, финансискиот извештај ја прикажува вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката за наменски дотации (937) на Општина Кавадарци на ден 31 Декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење, кај Сметката на Наменски дотации (937) на Општина Кавадарци остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

Скопје, 06.04.2010 година                                        Овластен државен ревизор

**Општина Кавадарци – Сметка за наменски дотации-противпожарна единица (937)**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 5.937 | 5.580 |
| **Вкупно приходи** | | **5.937** | **5.580** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.2.1. | 5.937 | 5.580 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **5.937** | **5.580** |
| **Вкупно расходи** | | **5.937** | **5.580** |